РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАРПОШ
„ГРАДОНАЧАЛНИК“
Бр. 11-1868/2
12.03.2021 год.
СКОПЈЕ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015


*ОПШТИНА КАРПОШ*
*Одделение за поддршка и организација на работата на Советот*


Врз основа на член 46 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20); член 22, став 1, точка 1 и член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Маекдонија“ бр.5/2002); член 35, член 36, член 37 и член 38 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), а во врска со одредбите од Деловникот за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Карпош бр.09-1392/9 од 03.03.2021 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.5/2021), Одлуката за за давање согласност за објавување Јавен оглас за пријавување на заинтересирани лица за членување во Партиципативното тело на Општина Карпош во областа на Урбанизмот бр.09-1392/10 од 03.03.2021 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.5/2021) и Решение за формирање Комисија за спроведување постапка за избор на членови во Партиципативно тело од областа на урбанизмот во Општина Карпош бр.11-1868/1 од 11.03.2021 година, Комисијата за спроведување постапка за избор на членови во Партиципативното тело од областа на урбанизмот во Општина Карпош распишува

## ЈАВЕН ОГЛАС

**за пријавување на заинтересирани лица за членување во Партиципативното тело на Општина Карпош во областа на урбанизмот**

Цел на Партиципативното тело е да ги претставува интересите и интересните групи и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица., ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заитересирани физички лица, претставници на невладините организации од различните сегменити на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на Општина Карпош што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на урбаното и руралното подрачје на Општината.

Работата на партиципативнот тело е јавна.

Учеството во пртиципативното тело е на доброволна основа.

За работата на Партиципативното тело не следува надоместок.

Критериуми за избор:

**ЗА ПРАВНИ ЛИЦА**
Заинтересираните правни лица кои се пријавуваат треба да ги исполнат следните услови:

- Правното лице да е регистрирано со седиште во Општина Карпош, доказ тековна состојба издадена од ЦР на РСМ
- областа на дејствување или регистрираната дејност да е во корелација со урбанистичкото планирање.

**ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА**
Заинтересираните физички лица, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:

- Доказ за жителство на Општина Карпош
- Кратка биографија и
- Мотивациско писмо со образложение на причините и начинот со кој врз основа на личниот допринос во однос на урбанистичкото планирање на територија на Општина Карпош, кандидатот ќе допринесе со својата партиципација во телото.

Покрај горенаведените документи, апликацијата е потребно да ги содржи и следните информации: име и презиме, адреса на живее од лична карта, електронска адреса и телефон за контакт.

Огласот за пријавување трае 30 дена од денот на објава на веб страната на Општина Карпош и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место, сметано од 12.03.2021 година.

Лицата чии пријави ќе бидат прифатени, ќе бидат назначени за членови на Партиципативното тело и за истото ќе бидат известени во писмена форма.

**Комисија за спроведување постапка за избор на членови во Партиципативното тело од областа на урбанизмот во Општина Карпош**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАРПОШ
СКОПЈЕ